САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИ КЛИНИКИ, ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

INDEPENDENT TRADE UNION OF THE EMPLOYEES IN THE UNIVERSITY CLINICS, CENTERS, CLINICAL HOSPITALS AND OTHER PUBLIC HEALTH ORGANIZATIONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИТЕ КЛИНИКИ, ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО РМАКЕДОНИЈА
БР. 0302-22/1
СКОПЈЕ, 01.04 2024 год

Повик до членовите на ССКЦ

**Почитувани членови на Самостојниот синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи!**

**Почитувани здравствени работници од сите здравствени установи во Македонија!**

По повод 7 април – Денот на здравството, ССКЦ на седницата на Советот одржана на 14.03.2024 година донесе Одлука да одржиме протест преку кој ќе го искажеме нашиот револт спрема надлежните кои во изминатите години наместо да го унапредат здравството, тие едноставно го доведоа во состојба на колапс. Незадоволни здравствени работници, незадоволни пациенти, напади на медицинскиот персонал, застарена опрема, објекти кои се распаѓаат, несоодветни услови за работа за најхуманата професија...

Пред не цел месец ја убија и нашата искра надеж дека ќе го потпишеме Анексот на колективниот договор. Завршена работа, успеаа со политички игри, Анексот на колективниот договор да остане мртво слово на хартија. Заради тоа, околу 20.000 здравствени работници остануваат без усогласување на нивните и онака недостојни плати (со порастот на минималната плата) за трудот кој секојдневно го вложуваат.

Затоа одиме на протест на 8 април. Од нашата бројност зависи нашата сила и успех за подобрување на положбата на здравствените работници. Од нашата одлучност зависи нашата иднина.

Се наоѓаме пред избори. Ги повикуваме сите политичките партии кои претендираат да го добијат нашиот глас, јасно да кажат како ќе го "лекуваат болното здравство". Не сакаме празни ветувања. Се работи за нашата иднина, за иднината на нашите деца, за сите граѓани на Македонија.

Затоа, сите сложно да се собереме во понеделник 8 април од 10:00 до 10:30 часот пред Министерството за здравство, да упатиме досега најсилна порака дека повеќе не може вака.

**Колку ќе бидеме поединствени, толку ке бидеме посилни !**

Претседател
на Самостојниот синдикат на вработените во универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија
д-р спец. Предраг Серафимоски